**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**Од 94-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 ноември 2001 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам пратениците да влезат во салата и да си седнат на своите места.

Дами и господа пратеници, ја отворам Деведесет и четвртата седница на Собрание на Република Македонија.

Пратеникот Весна Јовановска ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Ве молам да притиснете на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Присуствуваат 81 пратеник, според тоа констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се Претседателот на Република Македонија господин Борис Трајковски.

Претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по барање на претседателот на Владата на Република Македонија заради разгледување на Предлогот за избор на членови на Владата на Република Македонија и Предлогот за именување на заменици министри во Владата на Република Македонија.

Во меѓувреме претседателот на Владата достави Предлог за разрешување на заменик министер за правда поради потребата од разгледување на овој предлог пред предлогот за именување на заменици министри во Владата на Република Македонија, предлагам дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлгот за разрешување на заменик министер.

Предлогот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Гласаа вкупно 84 пратеници, за гласаа 72 пратеници, воздржано гласаа 11 пратеници, против гласаше 1 пратеник.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Предлагам на Предлогот на дневен ред да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Гласаа вкупно 84 пратеници, за гласаа 75 пратеници, воздржано гласаа 9 пратеници, никој не гласал против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За оваа седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог за избор на членови на Владата на Република Македонија.

2. Предлог за разрешување на заменик министер.

3. Предлог за именување на заменици министри во Владата на Република Македонија.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Гласаа вкупно 86 пратеници, за гласаа 76 пратеници, воздржано гласаа 9 пратеници, против гласаше 1 пратеник.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Преминуваме на точката 1.

1. Предлог за избор на членови на Владата на Република Македонија.

Предлогот за избор на членови на Владата на Република Македонија ви е доставен.

Отворам претрес. - Молам, кој бара збор.

Господинот Георгиевски бара збор, претседател на Владата.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, би сакал уште еднаш да Ве запознам со Предлогот кој писмено Ви е доставен дека на местата на дадените оставки на министрите ги предлагам следниве кандидати.

На местото министер кој ќе раководи со Министерството за одбрана

д-р Владо Поповски.

На местото министер кој ќе раководи со Министерството за надворешни работи господин Слободан Чашуле.

На местото министер кој ќе раководи со Министерството за здравство д-р Ѓорѓи Оровчанец.

За министер без ресор госпоѓа Доста Димовска.

Не би сакал премногу да зборувам за овој предлог, едноставно само би повторил дека оваа Влада ја сметам како континуитет на претходниот избор на Владата, ова е само реконструкција, само би нагласил уште еднаш дека основната цел на оваа Влада е создавање на услови за мир и стабилност

во Република Македонија и она што е можеби единственото ново после последниот избор тоа е докомплетирање и исполнување на обврските од Рамковниот договор од Охрид кој е веќе поминат.

Мислам дека за тоа сега имаме добра основа со изгласувањето на уставните промени и ако се оди добро мислам дека за неколку месеци ќе можеме да го докомплетираме се она што значи обврска и од Рамковниот договор, меѓутоа, обврска и од она што значи мир, стабилност односно преточено со други зборови реинтеграција на територијата на Република Македонија и враќањето на бегалците во своите домови.

Сигурно е дека оваа Влада нема да биде имуна од продолжувањето и на реформите кои се зацртани веќе неколку години во нашата држава и веруваме дека Владата исто така ќе го следи темпото на реформи, како што ќе се бори со основната цел, а тоа е имплементацијата на Мировниот договор.

Во таа насока само уште еднаш би сакал да ги повикам сите политички партии и оние кои учествуваат и оние кои не учествуваат во оваа Влада да ја поддржат Владата од едноставна причина што сметаме дека целта е многу јасна, како што на самиот почеток спомнав, мир, реинтеграција и стабилност во нашата држава.

Во Владата се предложени кадри кои најмалку ќе предизвикуваат внатрешно неединство во Владата, внатрешни конфликти, верувам дека со овие кадри ќе добиеме уште поголема компактност на Владата затоа што пред нас имаме една врвна цел.

Во таа насока не ни преостанува ништо друго освен уште еднаш да ги повикам пратениците кои сакаат да учествуваат во оваа стабилизација на Република Македонија, да ја поддржат Владата и на тој начин што поскоро да дојдеме до крајот на оваа мачна криза. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. - Дали некој друг бара збор?

Господин Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, господа министри и кандидати за министри, дозволете да го изнесам нашиот став на Пратеничката група на СДСМ накратко во врска со предложената реконструкција на Владата.

Пратеничката група на СДСМ има сосема јасни концепциски и сериозни разлики во врска со политиката на господинот Георгиевски и Влада која тој ја предводи и наш впечаток и размислувања дека Владата на господинот Георгиевски или Владата на ВМРО-ДПМНЕ која е костур на таа Влада во изминатите три години ја води Македонија во погрешна насока. Од тие причини по завршувањето на еден дел од проблематичните безбедносни промени ние ја напуштивме Владата на господинот Георгиевски со цел да истакнеме дека имаме концепциски разлики и дека оваа Влада сепак ја води Македонија во погрешна насока.

Сегашните измени на Владата, се разбира, не претставуваат избор на нова Влада, тоа го кажа и господинот премиер, тоа претставува само дополнување на местата кои ги испразнија нашите колеги од СДСМ и во таа смисла ние оваа Влада ја сметаме за еден вид на континуитет на Владата на господинот Георгиевски од 1998 година, па се до мај 2001 година и оваа Влада повторно од декември 2001 година ја сметаме еден вид на континуитет со политичките сили кои во основа ја водеа Владата и во изминатиот период до мај 2001 година.

Од тие причини Пратеничката група на СДСМ нема причина да го смени својот став, останува во опозиција на оваа Влада и ќе гласа против изборот на четирите нови министри на Владата кои во суштина, длабоко сме уверени, дека нема ниту во суштина ниту по концепција да го променат погрешниот правец на водење на земјата од страна на Владата на господинот Георгиевски во сегашниот политички и кадровски состав. Изразувајќи несогласување ние нема да го поддржиме таквиот избор, што е совршено јасно во овој момент на сите во нашиот Парламент.

Благодарение на една статистика која ја направи еден дневен весник во Република Македонија, да потсетиме на еден куриозитет кој мислам дека Собранието ниту го направил ниту ќе го направи во долг период после Владата на господинот Георгиевски дека во овој момент со изборот на овие министри пратеничкиот состав од 120 луѓе практично избира во рок од само три години во Владата на господинот Георгиевски исто така 120 министри на број некои од нив избрани и по повеќе пати, а заедно со господинот Георгиевски рекордот е избор на седум пати на некои од министрите. Со тоа само се укажува колку во Македонија е девалвирана министерската функција под водството на господинот Георгиевски затоа што за три години 120 пати да се изберат истите или различни министри во ова Собрание укажува на број кој е еднаков на бројот на Собранието и можеме да почнеме да размислуваме дека во нашата држава да се биде пратеник е повеќе од министер затоа што е постабилна таа функција од една страна и од друга страна еднаква со бројот на избрани министри.

Од сите овие причини Пратеничката група на СДСМ нема да гласа за изборот на новите министри во Владата на господинот Георгиевски. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Кој друг бара збор?

За збор се јави господинот Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитуван премиере, почитувани министри, од теоријата на размислувањата знам дека владите во светот постојат заради тоа што треба да се критикуваат и истовремено парламентите постојат заради тоа што треба навистина да се критикуваат. Денеска не сакам да бидам критичар, туку сакам да бидам човек кој прво ќе ги согледа нашите заеднички проблеми и сметам дека апсолутно имаме одговорност и како Парламент и како влади, кога велам влади затоа што и јас бев во една влада и во таа насока сметам дека оваа држава, сите демократски институции во неа треба да изградат стратегија која треба понатаму да ги развива оските на развојот на оваа држава. Седма влада, седма среќа и ние мораме и да не се согласиме, тоа е нашата вистина, и во таа насока нека ми биде дозволено да ги кажам проблемите кои се однесуваат како проблеми на граѓанинот затоа што секоја влада во секоја држава постои заради граѓанинот, а не граѓанинот заради владата. Ако во тоа се согласуваме, а мораме да се согласиме затоа што тоа е аксиома и во таа насока нека ми биде дозволено да кажам некои работи со кои се судира оваа држава, нејзините граѓани и сите нејзини народи кои живеат во неа.

Поаѓајќи од фактот дека до сега успеавме многу позитивни работи да ги движиме напред, сепак останувaат проблеми кои мора длабоко сите заеднички да размислуваме како да ги решиме и мора да имаме хронологија на проблемите со цел еден по еден проблем да го расчистиме како решен. Гледајќи ТВ емисии, гледајќи ги проблемите со кои се судруваат граѓаните на оваа држава навистина понекогаш се чудам зошто моето место како пратеник и како јас можам да делувам за разрешување на нивните проблеми. Нема да почнам од мојата изборна единица веднаш, туку малку подоцна затоа што веднаш ќе ми се припише дека сум локалист, а сум локалист да ви кажам искрено и ќе се залагам и понатаму, но ќе почнам со еден пример.

Педесет години во оваа држава едно село во Штип или во Пробиштип нема вода за пиење. Државата не успеала да направи бунар за вода. Основно право на секој граѓанин на оваа планета и нема што да разговараме понатаму, апсолутно оваа држава мора таквите проблеми да ги стави во сопствената номенклатура и мора да ги реши еден по еден, доколку не сме во состојба тоа да го направиме, неколку пати сум кажал, пак ќе повторам, дека прво моето место не е тука, па и вашето место не е тука.

Да почнам со конкретни примери. Нашата држава има развојна оска композитната долина на реката Вардар, за жал, во неа се наоѓаат три нуклеарни бомби. Една нуклеарна бомба тежи милион и триста тони концентрати тоа е Лојане. Милион тони концентрат на арсен, антимон и хром, тоа е мешавина. Посебни концентрати, како посебен дел, како чист арсен сто илјади тони на јавна површина во колонијата на рудникот Лојане.

Втората бомба Велес "Вила Зора", самото име значи површина која се протега после теснецот, кањонот и таа бомба навистина денеска раѓа сосема друг вид на човек што ние не сме во состојба тоа да го сватиме. Но, во оваа насока ја повикувам Владата и ние тука како пратеници навистина мошне зрело да размислуваме за ваквите еколошки бомби, да бидам малку помек.

Третата бомба е Дојранското Езеро. Милиони суштества се уништени. Со кое право? Оваа планета не е создадена само заради човекот. Оваа планета е создадена заради сите живи суштества и тоа мора да го имаме на ум затоа што тоа е геометријата на Богот, геометријата на Алахот и во таа насока не е наше право да го искористиме нашиот простор и да го доведеме во катастрофални размери, во загадување, во таа насока. Често пати сум кажал неколку збора на овој Парламент, но изгледа луѓето или не сакале да ме разберат или тоа не им прилега, но верувам и во тоа дека не може да ме разбере студентот што завршил едвај со шестица, можеби тука е грешката.

**АЛСЛАН СЕЛМАНИ:** (продолжение)

Првиот проблем што сакам да го истакнам, претседатле молам за коректкост.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да се сослушаме.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Првиот проблем за кој што сакам директно да го замолам премиерот и министерот за образование и наука на РМ е да го реши проблемот на учениците и родителите во Гимназијата "Гоце Делчев" во смисла коректно решавање на тој проблем со сите оние желби и потреби што ги искажаа учениците и родителите во тоа подрачје, така како што сте го решиле во Тетово и во Скопје, затоа што 4.750 ученици апсолутно немаат услови за наставно-образовна работа. 3000 осмолетки денес и некогаш во Куманово ја одвивале својата активност во три смени. Не би зборувал за квалитетот, затоа што ќе ви земам многу време, а сум компетентен и за тоа да зборувам. Во прашање се и 1750 средношколци кои имаат навистина проблеми да ги следат настанивте процеси во таа гимназија. Памтам јас како млад професор, сум бил вработен во таа гимназија тогаш паралелките на албански наставен јазик се одвиваа во работничкиот универзитет и апсолутно

кореспондиравме без никакви проблеми со централата на Гимназијата "Гоце Делчев". Денес има проблем. Тие проблеми ние ги создадовме затоа што и во теоријата на размислувањето се вели дека во едно општество има проблеми тогаш кога сите структури пагаат веќе во кризни афекти. И ние, и јас сум во таа средина на кризни луѓе што неуспеавме до крај да ги докрајчиме проблемите кои имаат потреба да ги решат нашите грагани. 200 наставници и професори во ова училиште и во основните училишта "Бајрам Шабани" и Наим Јашари" веќе два месеца не земаат личен доход. Мојата замолница е да ги вложите сите напори проблемот позитивно да се реши по однос на учениците.

Вториот проблем кој се однесува за одредени владини иснтитуции, и јас бев министер и морам да кажам една вистина, тешко е човек да биде министер. Во вакви услови кога сите станавме кризни луѓе, затоа што природата не признава кризи, познава само кризни луѓе. Во тие кризни луѓе сум и јас и сите ние заедно и Парламентот и членовите на Владата. Нема да коментирам, мислењето на Заводот за заштита на спомениците на културата на Град Скопје е базирано во фактот што сега, ќе ве молам повторувам, сега овој објект е во статички нестабилна состојба. Тоа мислење го дава Заводот за заштита на спомениците на културата на Град Скопје. Дали е компетентен тој? Не. Затоа во оваа држава постојат научни институти кои се компетентни да го кажат нивното мислење. Тоа е Земјотресното инжинерство и никој друг нема право тоа да го каже. И ова не е вистина затоа што објектот за кој зборувам неможе само тие 200 метри да бидат земјотресно некомпатабилно подрачје. Тогаш цела Македонија треба да се пресели, или цела планета треба да се пресели на месечината затоа што таму нема земјотреси. Во нашата планета има земјотреси, секаде во светот, само во руската плоча не и северна Африка не, и во западна Африка. Во сите подрачја дурги во светот тоа го има.

Второ образложение може, ама немаме слики и проект како тој објект изгледал порано. Тој објект изгледал вака порано... (покажува слики)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се извинувам овде не изведуваме постапка на докажување.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

И за вас ќе има некои работи, само немојте документите да ми ги помешате.

Поднесената, па, неможам да зборувам кога луѓето не ме слушаат и затоа нема резултати.

(Претседателот ги опоменува пратениците со ѕвонче.)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам потивко има збор Г. Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

На 23 октомври 2000-та година до Владата беше поднесена Информација која гласи "Информација за загрозеноста на преку 6000 жители од с. Лојане и Ваксинце од загадена вода, воздух, почви и земјоделски производи од опасни реагенси". Заклучокот гласи: "Да се ангажира Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделие, водостопанство и шумарство и соодветните агенции по овие прашаша во РМ да го реализираат проектот за водоснабдувањето преку изградба на мала акумулација Лојане II, кој е започнат уште 1998 година.

Второ, да се започне конзервирање на јаловината од арсенот хромот и антимонот, концентрат преку системот на полимери". Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, и морам јавно да кажам дека единствено дека Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со кое сум имал контакт во секој момент, во секој миг, со другите министри не. И еве што вели Министерството за земјоделство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да му овозможиме на Г. Селмани да доврши.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Министерството за земјоделие одговара, што мислам дека апсолутно е во право и јас тоа го прифаќам "со цел да се спречи загрозувањето на жителите од селата Лојане и Ваксинце од загадените води се поддржува предложениот заклучок за изградба на мала акумулација брана Лојане II со која ќе се обезбеди вода за водоснабдување, и наводнување дури на 130 илјади хектари плодно земјиште". Има и понатаму позитивни работи но не сакам да ве заморувам.

Позитивно мислење има и Комисијата при Парламентот на РМ. Скоро ист заклучок има како и Министерството за земјоделие.

Комисијата за екологија, млади и спорт исто така.

Оваа точка, ова Информација беше на дневен ред на 69-та седница, или на 59-та седница и од тогаш, таа седница се изгуби во етерот. Еве писмата ...

(Ги покажува писмата на пратениците.)

Со кои кореспондирам со претседателот Стојан Андов да го постави тоа прашање на Парламентот но до ден денес не е поставено. Барам на наредната седница ова прашање, со ваквите мислења на Владата и министрите поранешни и сегашни да се постави на дневен ред. Има пет проекти за Лојане, државата платила за тоа, Министерството за наука, тогашна наука сега Министерство за образование и наука.

И морам да кажам, г-да пратеници во Владата на Бранко Црвенковски најдете човек кој бил вратен од Министерството за наука без да му завршам работа во истиот ден, за половина час. Тоа би сакал, еве вие да го најдете тој човек што сум го вратил без да му завршам работа. Сум објавил преку 300 научни наслови на албанците, ромите и тн, и се разбира на автори македонски и не сум вратил човек ни од ВМРО-ДПМНЕ ни од други политички партии кои тогаш беа во опозиција. Би сакал и сега Владата да не ги гледа тесноградо сите овие проблеми и барам да работи за интересот на граѓанинот. Не денес ние да бараме и да вработуваме луѓе и за хигиеничари а да бараме партиски книшки. Сметам дека тоа е погрешна стратегија и погрешна тактика на сите политички партии.

Поставувам едно прашање. На 17 септември 2001 година и прањањето гласеше вака "голем број на вработени во кризното подрачје на Кумановскиот крај кои не биле во можност да се јават на своите работни места денес се избркани од работа, а оние денови сменет е и еден функционер вработен во царинарницата. Владата одговара, што апсолутно тоа го прифаќам "на работник од кризното подрачје не треба да му престане работниот однос за време додека трае кризата поради изостанување од работа и тн". 23 луѓе кои биле вработени во Клиничкиот центар во Куманово ден денес сеуште не се вратени на работа. Сега Владата, зошто не се почитува мислењето на Владата, тоа не ми е јасно. И се додека ние не ги расчистиме ваквите проблеми сметам дека ќе имаме проблеми и понатаму. Со вакви проблеми нема да престанам ќе се јавам и друг пат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам дали некој друг бара збор?

За збор се јави Г. Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Г. премиере, Г. претседател, дами и г-да пратеници, никој не бара збор. Зошто? Зошто не бара никој збор? Дали затоа што повеќе зборовите воопшто не вредат во овој Парламент во оваа држава? Дали повеќе затоа што нема кому што да му се каже? Дали затоа што нема кој да слушне ништо повеќе? Дали затоа што никој никому повеќе не му верува во оваа држава, заради што никој не бара збор во моменти кога имаме нова реконструкција на Владата, илјадници проблеми во државата, прилика премиерот да му се обрати на Парламентот со нови снаги во неговата Влада. Нема зборови, нема ништо. Нестрпливиост да се заврши час поскоро, да излеземе тука од Парламентот како да се тече мед и млеко и да одиме да пиеме мед и млеко по улиците Македонски. Дури и јас немав намера да зборувам, ама заради немајнето намера никој да зборува станав да кажам неколку збор, па сакале ги сослушале, сакале не ги сослушале. И еве неколку збора во оваа прилика сакам да кажам токму поттикнат од оваа атмосфера која што ја наметнува прво премиерот на Македонската влада нудејќи ја својата седма реконструкција на Владата, меѓутоа така безболно, така апатично, или пак така потценувачки за Парламентот, за јавноста и тн. што не е запаметено во годините, деновите, децениите што ги изминувала Македонската држава, Македонското општество. Имаме таму напишано некакви фактографски карактеристики за луѓето што ни се предлагаат, премиерот стана со рацете во џеб и кажа како мисли новиот кабинет да работи или обновениот кабинет и даде три реченици што ќе прави оваа Влада. Ни кажа дека ќе ја реинтегрира земјата, како не ни кажа и ни кажа дека и оваа Влада немало да биде имуна од реформите, значи имала некоја инфекција и во врска со тоа прашање, во врска со реформите и ќе поработела, дури на тоа прашање имунизирана, заразена малку од тоа прашање. Предлагам министри повторно што не се за таму, иако ми се смачило да зборувам за карактеристики на луѓе кои што долго време ги покажуваат некриејќи ги пред сопствената јавност. Критериуми за честитост, за доследност, за компетентност, ниту еден збор повеќе не се употребува, дури ни вербално, дури и вербално, а камо ли да се поткрепи тоа со факти дека тоа е така. Едноставно премиерот вели ги предлагам тие и тие. Го предлагам Слободан, го предлагам Владо, го предлагам Оровчанец и толку. Зошто ги предлага премиерот тие луѓе? Затоа што имале завршено правен факултет, биле доктори, некој бил доктор, некој бил филолог, некој бил незнам што таму, некој напишал нешто таму и заради тоа ли само ги предлага премиерот тие луѓе? Зошто ги предлага тие министри во ова време, во оваа криза на оваа држава? Нема потреба да се образложи, нема потреба да се каже! Не верува премиерот во тоа што го предлага, а сепак го предлага! Му го натури ли некој тоа да го предлага така, иако знаеме, ги знаеме работите како се формираат македонските влади во последно време.

**ПЕТАР ГОШЕВ:** (Продолжение)

Зошто е тоа така? Еве на пример сакам да прашам зошто премиерот повторно ја предлага Димовска во Владата. Знам, партиски соработник му е. Димовска беше во Владата, беше министер за внатрешни работи. Сакам да прашам дали ја предлага затоа што полицијата се подготви добро, во нејзиното време за борба против терористите, против оние што ја напаѓаа Македонија, да ја дезинтегрираат, под наводно, барања за човекови права. Дали заради тоа ја предлага? Дали ја предлага Димовска заради тоа што полицијата доживеа врв на партизација во тоа време, за што сме дискутирале и за што знае јавноста и сите вработни во полицијата. Дали ја предлага премиерот госпоѓица Димовска, затоа што добро прислушкуваше, опозиција, новинари, интелектуалци, за што расправавме и за што војната не спречи да поразговараме за тоа и да добиеме некаков епилог? Дали пак овие прашања се таква ситница, а госпоѓица Димовска има многу многу други квалитети што овие дебело

ги засенчува, па затоа не треба воопшто да се осврнуваме на вакви карактеристики кои се манифестираа во изминатиот период, иако верувајте немам баш ништо против госпоѓица Димовска. Дали заради тоа ја предлага повторно да се врати во Владата.

Дали на пример господин Слободан Чашуле, го предлага заради тоа што кога беше поставен од ДА, таму во Нова Македонија, добро купуваше теписони над потребните количини, добро набавуваше хартија по 1400 долари по тон а Владата алиментираше пари таму или некои други работи за кои нешто презеде, или заедно се договорија да преземат и тн. и за многу други и други нешта, или заради тоа што категоријата стабилност, кај овој господин само потписот Слободан Чашуле. Се друго е дневно менливо, менливо во час, во секунда и тн. Дали заради тоа? Да не зборувам за сите.

Ваква безболност, ваква апатичност во време на ваква криза во државата, ваква без идејност, ваква без иницијативност, вакво отсуство на манифестација, барем ние овде да бидеме излажани или некој друг дека нешто ќе се преземе, навистина е недопустливо невидено, во нашава, иако недолга историја, но сепак не само тажна.

Не е ли прилика премиерот да ни каже како ќе ја интегрирате сега земјата. Еве имавте коалиција во која коалиционите партнери не соработуваа добро и што беше факт и што беше срамота во времето на криза да не се соработува. Што беше срамота и крајна одговорност и за кривична одговорност две безбедносни министерства никогаш да неможат да се договорат за заедничка акција, што беше факт. Дали сега со излегувањето на тие што му сметаа на премиерот можевме да слушнеме денес дека се отстрануваат причините и пречките да се интегрира земјата да се изведе концепт на стабилизација на земјата, да се изведе концепт на соработка помеѓу министерствата, да се искристилизира една јасна политика која ќе доведе до резултати или сеуште во Владата има такви кои потоа пак ќе послужат за изговор зошто неможе да се заврши ниедна работа успешно во македонската држава. Добро беше да го слушнеме тоа. Имавме влада која сама се блокираше заради некомпатибилност, несоодветност на партнерите, заради речиси политички инцес, да бидат некои заедно во една таква влада и тн. Се отстранија ли сега тие пречки. Можеме ли сега да веруваме и да гласаме дека сега нема да има пречки, Владата ќе функционира, нема меѓу себе да се минираат министрите, нема да биде таа влада, незнам, посветена на бизнисот на министрите на пријателите, на роднините, туку ќе биде посветена на општествената задача, пред се што ја има или нема. Не слушнавме од премиерот да ни каже, да не увери нешто во врска со тоа. Колку да не му верува некој од нас, можеби ќе му поверуваме ние, или ќе се приложи нешто друго со кое ќе излеземе од оваа сала, ќе развиеме нешто направивме, па кога ќе не сретнат луѓето на улица ќе им кажеме да, има некоја надеж, има некоја нова енергија, има некое ново светло. Денес гледам јас дека сите енергии се угасени, од целиот начин на излагање, на предлагање на атмосфера во Парламентот на отсуство на волја да се проговори за вистинските проблеми во државата. Мислам дека тоа е срамота за сите нас. Сите функции се девалвирани, од премиерска, министерска, пратеничка, директорска. Сите се девалвираат. Никој нема во оваа држава во што да поверува. За среќа се јавуваат разно разни секти и таму почнуваат луѓето да наоѓаат утеха, се шират вероисповестите, имаме нова ренесанса на тоа поле. Таму ќе ја најдеме среќата, утехата. Парламентот не ќе може да ни ги решава работите, Владата не ќе може да ни ги решава работите, ќе ги решаваме надвор од овие државни институции, само со гледање нагоре и со прозив на сепомош од севишниот, а тој им помага, нели, на оние што си помагаат. Не слушнавме ништо и зошто не слушнавме ништо, на пример во врска со корупцијата. Во врска со приватизацијата. Осум години партијата на власт, на чело со истиот претседател и премиер зборуваше за корупуцијата за корекциите во приватизацијата, за преиспитувањето на приватизацијата. Денес заврши таа тема за луѓето од Владата, за премиерот заврши таа тема, за министрите заврши таа тема. Не постојат тие прашања. Тие ја нагризуваат дебело и безбедноста на македонската држава. За тие прашања нема муабет, нема воопшто збор.

Сакам јавно да прашам дали заради тоа што се решени тие прашања, нема во Македонија корупција, дали заради тоа што и овој преостанат процес на приватизација се остварува така како што треба со дисконти со 102,3%, што би рекол нашиот колега. Се е вред, со се наместено, со ниту еден регуларен тендер, што го распишала Владата без да предизвика драматични полемики, судски закани, штрајкови и тн. Завршија ли тие прашања. Се решија ли тие прашања. Се намалија ли тие прашања. Се зголемија ли проблемите на тие сектори или не. Нема ништо од тоа, а секој ден имаме афера на која, никој од власта не се чуствува одговорен да одговори, дали тоа е точно или не е точно. Огромни оптужби во јавноста од поединци. Се разбира, има и неточни информации, но никој повеќе не се чуствува одговорен тоа да го провери, да го демантира, да им каже на јавноста не е точно немојте да ги валкате тие и тие имиња. Тонеме во неморал. Тонеме во корупција. Нема волја за ништо.

Јас сакам овде јавно да ве прашам имате ли волја да работите на функциите на кои сте или немате волја. Кажете му го тоа поштено на својот народ, подобро ќе ве почитува и ќе направите подобро за својот народ на овој начин, гледајќи го само своето место. Македонија се претвора на место на грабеж и деструкција.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на господинот Гошев.

Збор има господинот Георгиевски.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

На почетокот би сакал да констатирам дека е добро кога во сите македонски политички лидери порано имаше енергија. Единствено господинот Гошев ни беше многу депримиран. Сега кај другите политички лидери кога се депримирани, според оценката на господинот Гошев, енергијата останува само во него а кај ќе ни е крајот на Македонија ако и кај Гошев нема енергија.

Што се однесува до темата што ја спомна господинот Гошев, само би спомнал дека тој малку стратешки ја промаши темата, затоа што денес ние не избираме нова Влада, би сакал тоа да го потенцирал, затоа што барем пет-шест пати во излагањето на господинот Гошев беше спомнато дека избираме нова Влада. Значи денес немаме нова влада, туку имаме реконструкција на четири министри, значи четири министри кои минатата седница си дадоа оставка а ќе спомнам уште еднаш дека тие не беа присилени да дадат оставка затоа што имаше некоја димензија во говорот што пред малку го слушав, за некое насилно излегување на тие министри. Значи максимално доброволна беше основата на излегувањето на претходните министри. Ние денес имаме само обична реконструкција на Владата на РМ односно пополнување на четири министерски места. Господинот Гошев најверојатно со право оствари серија на прашања. Меѓутоа, пак ви кажувам, имам чувство дека серијата на прашања можеби беа сега во погрешно време поставени. Но ме чуди зошто, кога се бираше претходниот состав некаде повеќе од пред шест месеци, кога имаше многу повеќе логика да се поставaт истите тие проблеми и прашања, не беа поставени од истиот тој пратеник. Навистина сметам дека сите тие прашања што беа поставени и за личноста на министрите и за политиката, се логични, меѓутоа, имам чувство дека многу пологични ќе беа кога се избираше првата Влада на РМ односно кога се правеше изборот на новата Влада во РМ.

Инаку исто така морам да констатирам дека буквално до вчера господинот Гошев имаше претставник во истата таа влада, еден министер и претпоставувам дека нивниот министер редовно ги информирал за сендиците на истата таа Влада, а јас морам да кажам дека неговиот министер ниту едно од тие прашања што денес господинот Гошев ги отвори пред Парламентот во изминатите шест седум месеци, како министер во Владата на РМ. Така што, еве да не одговарам на овие прашања, тие имале можност, имале простор каде што можеле послободно да продискутираат како политичка партија на овие теми.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Реплика бара господинот Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас се извинувам што во погрешно време зборувам за кризата во РМ. Навистина е погрешно времето овде пред Парламентот, кога не се избира Влада се избираат четири министри на важни ресори и заменици ќе се избираат. Спомнувам корупции, спомнувам незнам приватизации, спомнувам апатичност и тн. Навистина се извинувам, иако 16 милиони пати, се разбира сум зборувал за тие прашања. Апатичен никогаш не сум бил. Немам карактер за апатичност и немам карактер за корупција. Можеби би имам милион лоши особини, но овие особини што ги наведовте тие сигурно дека ги немам. Но сеедно. Длабоко се извинувам што во невреме зборувам за проблеми во РМ, на седница на Парламент на која е присутна целата влада, а која по Уставот на РМ е најодговорниот државен орган за состојбите во РМ. Така пишува во Устзвот на РМ, и за економската и за безбедносната состојба најодговорна е Владата и јас се извинувам што ја искористив приликата во присуство на целата Влада да кажам неколку збора во врска со тие прашања.

Што се однесува до нашиот министер, зошто премиерот, ако не му се допаѓал тој министер не го разрешил, да ни каже овој министер што сте го предложиле не вреди ни пет пари. Зошто тој не ни сигнализираше дека слабо му се вклопува во концепцијата, не работи и тн. Верувајте прв ќе гласав да го замениме и да ви дадеме друг министер. Сега откако замина министерот премиерот ми кажува дека еве дека тој не покренувал ниедно прашање на Владата, а и нема потреба јас лично да му кажувам на министерот што да покренува на Владата одговорен за ресорот здравство, бидејќи тој од мене знае што да покренува во врска со тоа, а и неовисно што тој правел или не правел и што требало да прави, јас овде како пратеник имам обврска да покренам што сакам и што мислам дека треба да се покрене и тоа се разбира не ми го одзема моралното право затоа што нашиот поранешен министер не покренал некои прашања на Владата јас овде да не ги покренувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Мухамед Таири е отсутен.

Збор има господиноe Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, најпрвин дозволете ми да ја изразам личната импресија од големиот интерес на политичките партии да учествуваат во Владата и тоа од најмалите партии кои имаат повеќе изгледа министри отколку пратеници до средните и поголемите.

Искрено, исто така сум импресиониран што магија ги снајде некои политички партии за да изразат толкава љубов кон Владата и власта, или пак таа влада или посебно нашата влада или власта воопшто располага со магична моќ која емитира толкава голема доза на атракција што неможат да останат имуни ниту тие кои, барем јавно се искажаа дека имаат принцип. Чудо е што ваква љубов кон Владата и кон власта воопшто изразија и некои политички партии кои со години ја напаѓаа оваа Влада, оправдано, за криминал и тоа во шампионски размери и тие политички партии кои ја напаѓаа оваа влада за осиромашување на граѓаните доведувајќи ги нив до просјачки стап, партии кои со години ја напаѓаа оваа влада за партизација на државните структури и институции и партии кои ја напаѓаа оваа влада за партизација на судството, медиумите и тн. Но, сега нешто радикално се промени. Изгледа дека власта е докрај исчистена од гревовите, таа парите од криминалот им ги врати на граѓаните и на државата и сега има право и сосема исчистена од гревовите да ги прифати во свои прегратки и партиите кои до вчера ја напаѓаа. Дали тие партии ги консултираа граѓаните или како што популарно кажуваме избирачите, или не, тоа е нивно право и нивна одговорност. Секој може да се запраша колку ќе бидат среќни граѓаните кога гледаат дека нивните прететставници навистина имаат неограничена љубов кон Владата.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:** (продолжение)

Второ, ниедна од политичките структури, ниедна од политичките партии повеќе не може да се повикува на некои генерални определби за да го оправда своето присуство во Владата. Оваа влада веќе не може да се нарече, како што некој сакаше да ја нарече пред три или четири месеци Влада на национален спас, широка Влада или незнам каква. Оваа Влада како што кажа и премиерот не е нова Влада. Сепак, по содржината и суштината ова е нова Влада, од причина што ова е веќе политичка Влада. Минатата структура или минатата комбинација не беше политичка, таа беше импонирана од меѓународните структури за да се излезе од една состојба, ама сега тоа не е, таа ситуација за среќа си помина и сега имаме нова состојба. А новата состојба е оваа комбинација, за која некој не сака да признае дека се работи за политичка комбинација. Бидејќи се работи за политичка Влада, тука и учесниците носат одговорност, значи тие преземаат дел од одговорноста за сите состојби во државата, економски, социјални, културни, безбедносни и др. Значи, тоа е првата компонента, одговорноста.

Второ, во вакви влади, политички влади се влегува со чисти сметки. Барем нормалните политички структури тоа го прават или тоа се прави во нормалните држави. Се поставува прашањето дали ние спаѓаме во таа категорија на нормални држави од причина што изгледа правиме Влада без чисти сметки. Тоа го кажувам од причина што оваа нова политичка Влада ниту програма, ниту кадровски решенија во однос на партиите кои учествуваат во власта, немаат ни основни идејни решенија што сакаат да постигнат во наредниот период кој е многу краток. Значи, се нема ни идеја, се нема ни програма, а е политичка Влада.

За жал, ние учествувавме во минатата фамозна коалиција, која се викаше Влада на национален спас, на национално единство, широка коалиција и незнам уште како. Верувајте дека во таа коалиција нашите кадри, не партиските туку воопшто кадрите интелектуалци, професионалците се најдоа потполно игнорирани, па често и морално девалвирани, именувајќи ги на едно место, за два-три дена разрешувајќи ги нив и доведувајќи личност која нема ни основно ни средно образование.

Поаѓајќи од моето лично убедување, едноставно не можам да дадам бланко поддршка на оваа власт, туку поаѓајќи од ставовите на партијата нема да гласам ни против, туку едноставно ќе се воздржам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој друг бара збор.

Има збор г-динот Љупчо Анушев.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Господине претседателе, членови на Влада, почитувани пратеници, немав намера да дискутирам, меѓутоа, претходниот колега кажа нешто што навистина ме збуни. Со оглед на тоа дека учествуваше во разговорите за Рамковниот договор, претпоставувам дека има добри информации, кажа дека меѓународниот фактор ги принудил партиите да влезат во претходната влада. Значи, тие биле принудени да влезат и имале идеја, што значи однапред ја знаеле колегите од СДСМ идејата дека Рамковниот договор треба да се потпише и да се излезе од Влада. Некои колеги овде кои учествуваа во Владата јас на пример, како член на Пратеничката група на ДА, ние ја поддржавме и претходната Влада заради тоа да обезбеди интегритет, безбедносната ситуација во државата да ја среди итн. Сега доаѓаме во состојба кога тие истите луѓе кои беа во таа Влада дискутираат дека тогаш било исправно тоа да го направат, а сега што овие влегуваат не е исправно.

Како партија ние не сме учесници односно не партиципираме во Владата и не сум толку заинтересиран, меѓутоа, навистина ме бунат дискусиите на некои колеги. Веројатно треба да бидеме малку фер пред сите нас. Ние се однесуваме овде како да не сме ги донеле уставните промени. Јас сум гласал против, меѓутоа уставните промени се донесени. Имплементација мора да се направи. Што сакаме? Криза во државата? За да не се направи ништо.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Реплика од г-динот Мерсел Билали.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Искрено со сите сили посакував да го разберам г.Анушев, но верувајте дека не можам, не поседувам толкав капацитет и навистина незнам на што тој ни реплицираше мене, така што едноставно незнам ни што да му кажам, затоа што човекот беше толку конфузен што едноставно не кажа ништо?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-динот Љупчо Анушев повторно се јавува.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

За да ме разберете ќе ви кажам дека вие во моментот партиципирате во оваа Влада. Рековте дека оваа Влада немала идеја, а дека поранешната Влада имала идеја под притисок на меѓународниот фактор да го направи она што го направи. Сега јасно ли вие е што ви реплицирав и зошто останувате во Владата кога имате против?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Љубисав Иванов - Ѕинго.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:**

Ви благодарам што ми дадовте збор, јас се јавив меѓу првите, меѓутоа, картичката ми беше неисправна.

Веднаш да кажам дека јас во мојот живот сум учествувал во избори на многу Влади, во реконструкции на тие влади. Никогаш не се сеќавам некоја реконструкција на Влада да биде направена во едни вакви тешки времиња, време кое е исполнето со многу неизвесности, време оптоварено со голем број на проблеми, време во кое не може да се согледаат вистинските перспективи и иднина. Ова време во кое живееме е усложнето и на меѓународен план. Сведоци сме на една голема битка, во која е вклучено целото човештво, битка против тероризмот, сведоци сме и на економски план дека започнува една рецесија. Сведоци сме на едни пошироки проблеми на планот на глобализацијата. Но сведоци сме и на голем број проблеми кои нас не опкружуваат тука во опкружувањето а пак во Македонија се наоѓаме во исклучително тешка состојба како на политички, безбедносен, економски и социјален план.

Според тоа, ова време бара и голема одговорност и големо единство за да се спаси државата Македонија. Спасот на Македонија е во нашите срца, дали се тие широки и племенити, спасот во Македонија е во можноста на човекот да размислува и да расудува. Спасот е во неговиот ум и разум, во неговата одговорност. Според тоа, ако човек ги има тие тие атрубити и квалитети и ги насочи во тој правец, тогаш можеме да очекуваме дека можеме да ги надминеме проблемите и да ги спасиме состојбите. Ако реков дека имаме длабоко нарушување на безбедносната состојба, тогаш тој спас е сите ние да дејствуваме во надминување на тие проблеми, а тоа значи да работиме во тој правец, во правец на воспоставување на меѓучовечки односи, во правец на градењето на доверба меѓу луѓето, во правец и на обезбедување на безбедносните сили со права и должности кои треба да ги има и нивна ефикасност, како и мирно подеднакво однесување спрема сите граѓани во државата.

Затоа, пред Владата стојат огромни и одговорни задачи. Задачи, на кои треба да укажеме и каде што треба да ја охрабриме Владата да преземе драстични мерки. Ние веќе долго живееме со проблемот на економска стагнација и економски пад. Можеби имавме некои кратки периоди на некое заздравување, меѓутоа, за овие 12 години економските состојби сосема се усложнија. Тие веќе добија драматични моменти. Ако некаде 90-тите години кога се определивме за влегување во европските инситуции, постоеше некаква разлика во економскиот развој меѓу земјите кои беа во Европската унија и Македонија, таа денес е драстично зголемена. Практично таа трка за влегување во економската унија ние ја изгубивме. До таа мерка тие параметри се неповолни што сега ни треба една нова трка и едно ново време за да можеме да работиме на тоа со своето економско заздравување, со своето економско подигнување и економски развој да почнеме, а тоа значи со многу повисок економски развој. Ние такви нереални проценки имавме, но не беа следени со ред други мерки, затоа, да почнеме да ја намалуваме таа разлика.

Момент е да се укаже на големата опасност од социјалата и социјалниот бунт кој може да ја снајде оваа држава и сите да отидеме во неповрат. Затоа, Владата мора со редица мерки и идеи и решенија да го ублажи тој социјален проблем, а исто така, со редица решенија, идеи, програми, проекти, да го започне и за преголемиот негативен пад во економијата и да се започне каков таков пораст во економските процеси. Ако тука не се направат напори, залудно правиме реконструкции, промени и влади и партии кои со голем ентузијазам влегуваат во тие Влади.

Јас би му препорачал на премиерот на Владата така речи од утре да отвори една жестока битка против корупцијата и криминалот кој ги зафати сите пори на општеството, особено во државните институции. Исто така, да ги ангажира соодветните сили и институции во државата во разбивањето на балканските патишта на шверц, дрога, оружје проституција итн. Иако времето на оваа Влада е кратко која што уште треба да биде и да владее, меѓутоа, со вакви енергични мерки сепак, може да ги отстрани овие негативности со кои е оптоварено општеството и да ги отвори патиштата и прозорот или да го осветли крајот на тунелот за излез на Македонија од вакви тешки состојби. Ако нешто придонесов со моето искажување, ќе бидам задоволен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Никола Јованов.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Господине претседателе, господине премиер, членови на Влада, дами и господа пратеници, од почетокот на кризата во Република Македонија ние како пратеничка група се обидовме да внесеме некаква конструктивност и да дејствуваме како некаков стабилизирачки фактор, иако според бројот на нашите гласови не сме во таква можност каква што ја имаат наводно големите партии, како често сакаат да се наречат.

Владата на широката коалиција беше создадена токму со основен мандат за стабилизирање на безбедносната состојба во земјата. Настаните се одвиваа така како што се одвиваа, легитимно право на партиитее да излезат од учество во Владата, како и на оние кои влегуваат да учествуваат во Владата. На некој начин, континуитетот на Владата постои. Меѓутоа, имаме и континуитет на ситуацијата во Република Македонија. Јас се согласувам дека и овaa Влада ќе треба да работи по следниот приоритет.

На прво место секако е безбедносната состојба во Република Македонија која ќе треба најитно да ја решава.

Второ е решавање на изборното законодавство и оргнаизирање на фер и демократски избори.

И на крајот, она што е повеќепати зборувано од колегите кои се повеќе стручни во доменот на економијата, да се посвети на економските прашања, бидејќи навистина е тема која ја загрижува цела Република Македонија.

Се надевам дека Владата ќе излезе со една ваква програма со овие три приоритетни прашања со кои треба да се занимава во преостанатиот мандат и од тие причини велам, како што ја поддржавме и Владата на широката коалиција со намера да и помогнеме да дејствуваме позитивно во стабилизирањето на ситуацијата во Република Македонија, тоа ќе го направиме и овој пат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас непосредно дојдов на седница после започнување на седницата, така што со оглед на карактерот на кој што е свикана седницата, немав ниту доволно информации што се случува за оваа седница денеска. Па, се консултирав во текот на оваа расправа што беше пред ова со дел од членовите на парламентарната група и ме известија дека се договориле нашите парламентарци од Социјалдемократскиот сојуз да го искажат својот став на начин на кој го кажале овде. Тоа е прво.

Второ, дека е принципиелно, со оглед дека денес на расправа е предмет на дневен ред дополнување на Владата на министерски и заменички места во делот, од каде што со одлука, пред се, на СДСМ и на другите коалициони партнери, што учествуваа претходно, се пополнуваат тие места, принципиелно право е на новите партиципиенти што учествуваа во Владата и на премиерот, да си предложат луѓе за состав на тие места онака како што тие сметаат. Јас го почитувам тој став принципиелно, затоа што и така треба да биде. Но, разгледувајќи ги имињата овде во предложените кандидати, јас сметам дека како Наќе Стојановски, кој еве подолго време е во овој Парламент и за кој во тоа подолго време сум се изјаснувал за одредени кандидати и би сакал да упатам неколку кратки пораки на тие неколку имиња овде што ги среќавам.

Не сакам да повторувам во каква состојба се наоѓа Република Македонија, општо познато, општо признато, веројатно, тоа најдобро го знае и премиерот и членовите на Владата, со оглед на информациите со кои располага дополнително од мене како пратеник и од нас како пратеници овде и знаат што ги очекува. Не би сакал да држам критики во таа насока, само би сакал да укажам дека мислам дека ќе биде дополнително потребно вниманието или свртено на реалните состојби во Република Македонија, кои не изгледаат токму така од кабинетите и од недоволното време и од тековните проблеми, како што се навистина на теренот. Мислам дека тука треба дополнително внимание да се обрне, затоа што да не бидеме изненадени од некои радикализми во блиска иднина на теренот што можат да се случат. Пред се, мислам не на безбедносната состојба, која овде ја потенцираа онаква каква што е и тие состојби, мислам, пред се, од радикализми од аспект на социјалните состојби во Репуб-ика Македонија и вкупното незадоволство, не само према Владата, туку према сите институции во Република Македонија и се она што значи власт. Тоа е првата работа.

Втората е, како лично мое забележување, при пласирање на одредени имиња за пополнување на овие ресори кои се предлагаат денес, некои луѓе на теренот се во дилема и прашуваат дали господинот Владо Поповски е истиот Владо Поповски, дали е тој Владо или се работи за друг Владо Поповски, со оглед дека и името и презимето е многу често во нашата средина или почесто за разлика од други имиња. Па, еве, кога дојдов овде и кога ја видов биографијата и личното присуство, претпоставувам негово овде, дека е тоа истиот Владо Поповски, со биографијата која ја има доставено тука. Од причини, луѓето кога го поставуваа прашањето на терен, овие два последни денови кога првично ја слушнаа информацијата, велат дали е истиот тој Владо Поповски, кој се предлага за минситер за одбрана, кој што во почетокот на кризата како член на Советот на безбедност на Република Македонија во Кабинетот изјави дека никогаш Македонија не била побезбедна во март 2001 година за минатите 10 години. За жал, тоа

веднаш после еден ден да биде демантирано или по 24 часа, на начин на кој што беше демантирано во практиката. Понатаму, викаат од прилика вака, дали е истиот тој Владо Поповски за кој Парламентот расправаше една недела на чело со лидерот сега на Нова Демократија како претседател на тоа координативно тело во врска со неговото јавно обавување на некои Функции во минатиот период на начин на кој што расправаше Парламентот и на кој донесе заклучоци за кои ние, како парламентарна група бевме против и јас лично. И, дали е тој истиот Владо Поповски што беше копиран за експерт од претседателот, од номиналниот претседател на Република Македонија господинот Борис Трајковски.

Сакам јавно да им кажам на тие луѓе кои ми го поставија тоа прашање доаѓајќи наваму синојка, дека тој истиот Владо Поповски, кој еве, се предлага за ресорот одбрана на Република Македонија, е сега останува обврската на господинот Владо Поповски за сите недоумици што во јавноста се плетат околу неговото име и во Парламентот овде, а веројатно Парламентот денеска ќе го верифицира на легален начин дека тоа што го зборуваше овде два месеци, за него тоа не важи дека ќе го рехабилитира, што ми е драго дека така ќе се случи и лично за него, затоа што и јас тогаш мислев дека тоа не важи, но дека тоа ќе го направат истите луѓе кои тврдеа дека човекот направил злочин, на начин на кој што беше опишано во тие материјали и на кои гласеа тие заклучоци. Драго ми е што претседател на таа комисија еве сега ќе го поддржи тоа решение за господинот Владо Поповски.

Можеби имам морално право да зборувам за госпоѓицата  или госпоѓата Димовска од аспект на тоа дека овде не доживеа соодветна завршница аферата со прислушкувањето, но општо познато и јавно познато е дека госпоѓицата, на некој начин, носеше најголем тоа околу тоа прашање. Објективна одговорност, барем за сега, додека тоа не се констатира како субјективна одговорност на ресорот што го водеше и што се случуваше и дека сега повторно се враќа на сцена. Каква е таа порака од аспект вкупно на принципите на одговорност во оваа држава? Значи ли тоа дека заклучокот ќе се изведе и дека во оваа држава може секој се и сешто да прави во нормите и да продолжи на било кое ниво, не само во власта, туку и во обичниот живот да остави за тоа несанкциониран политички, морално, дисциплински, кривично и тн. Има една народна мудрост, за другите два кандидати не би сакал да коментирам, прв пат се јавуваат како членови на Кабинетот. Ќе покажат што можат и што знаат ако времето и условите им дозволат. Јас лично сметам, скептичен сум во тој правец дека ќе можат тоа да го направат. Ќе завршат, ете, како епизода или жртва во оваа Влада на господинот премиер, на начин на кој што завршија многу кои продефилираа во овие седум влади во минатиот период. За жал. И покрај богатата нивна, што гледаме овде од предлогот, висок степен на професионално искуство што досега постигнале во едукацијата и во практикувањето на тоа што како едукација го стекнале.

На крајот, има една мудрост, лично за сите што важи, нашиот народ рекол - зајакот кога ќе се врати по патот по кој поминал, на крајот ќе биде убиен. Јас не би сакал тоа да се случи со господинот Владо Поповски и со госпоѓицата Доста Димовска.  Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Пред да поминеме на гласање, ве известувам дека изборот на членови на Владата се врши со мнозинство на гласови од вкупниот број на пратеници со јавно гласање.

Ги молам пратениците да седнат на своите места. Преминуваме на гласање.

Предлогот д-р Владо Поповски да биде избран за министер кој ќе раководи со Министерството за одбрана, го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 106 пратеници, за гласале 75 пратеници, 1 пратеник гласал воздржано, против гласале 30 пратеници.

Констатирам дека Владо Поповски е избран за министер кој ќе раководи со Министерството за одбрана.

Предлогот Слободан Чашуле да биде избран за минситер кој ќе раководи со Министерстсвото за надворешни работи го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 102 пратеници, за гласале 73 пратеници, воздржано гласале 2 пратеници, против гласале 27 пратеници.

Констатирам дека Слободан Чашуле е избран за министер кој ќе раководи со Министерството за надворешни работи.

Предлогот Ѓорѓи Оровчанец да биде избран за министер кој ќе раководи со Министерството за здравство, го ставам на гласање.  Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 103 пратеници, за гласале 78 пратеници, воздржано гласале 5 пратеници, против гласале 20 пратеници.

Констатирам дека Ѓорѓи Оровчанец е избран за министер кој ќе раководи со Министерството за здравство.

Предлогот Доста Димовска да биде избрана за министер без ресор го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 107 пратеници, за гласале 75 пратеници, воздржано гласале 6 пратеници, против гласале 26 пратеници.

Констатирам дека Доста Димовска е избрана за министер без ресор.

Ги молам членовите на Владата да дадат свечена изјава, новите членови на Владата. Ве молам да станеме.

(Присутните во салата стануваат, претседателот Стојан Андов ја чита свечената изјава, а новоизбраните членови на Владата го повторуваат текстот на свечената изјава).

Ги молам новоизбраните членови на Владата да го повторуваат по мене текстот од свечената изјава:

"Изјавувам дека функцијата член на Владата на Република Македонија ќе ја вршам совесно и одговорно, ќе се придржувам на Уставот и законите и ќе се борам за заштита на суверенитетот и интегритетот на Република Македонија".

Ги молам членовите на Владата да го потпишат текстот на свечената изјава.

(Новоизбраните членови на Владата го потпишуваат текстот на свечената изјава кој што потоа е предаден на претседателот на Собранието).

Дозволете ми во мое и ваше име да им го честитам изборот на министрите и да им посакам успешна работа во извршување на задачите кои ги очекуваат во наредниот период.

Минуваме на точка 2 - Предлог за разрешување на заменик министер.

Предлогот за разрешување на заменик министер ви е поделен.

Отворам претрес. - Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Пред да преминеме на гласање ве известувам дека разрешувањето на заменици министри во Владата се врши со мнозинство на гласови од вкупниот број пратеници со јавно гласање.

Предлогот за разрешување на Зоран Теофиловски од функцијата заменик на министер за правда го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 96 пратеници, за гласале 72 пратеници, воздржано гласале 18 пратеници, против гласале 6 пратеници.

Констатирам дека Зоран Теофиловски е разрешен од функцијата заменик на министерот за правда.

Минуваме на точката 3 - Предлог за именување заменици на министри.

Предлогот на кандидатите за заменици на министри ви е доставен.

Ве потсетувам дека именување заменици на министри се врши со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници со јавно гласање.

Отворам претрес. - Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Трајко Вељановски да биде именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за правда, го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 103 пратеници, за гласале 74 пратеници, воздржано гласале 6 пратеници, против гласале 23 пратеници.

Констатирам дека Трајко Вељановски е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за правда.

Предлогот Аљоша Беговски да биде именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за економија, го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 104 пратеници, за гласале 76 пратеници, воздржано гласале 6 пратеници, против гласале 22 пратеници.

Констатирам дека Аљоша Беговски е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за економија.

Предлогот Стојан Дамчевски да биде именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за култура, го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 100 пратеници, за гласале 75 пратеници, воздржано гласале 4 пратеници, против гласале 21 пратеник.

Констатирам дека Стојан Дамчевски е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за култура.

Предлогот Живко Јованов да биде именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за транспорт и врски го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 103 пратеници, за гласале 76 пратеници, воздржано гласале 4 пратеници, против гласале 23 пратеници.

Констариам дека Живко Јованов е именуван за заменик на ми-нистерот кој раководи со Министерството за транспорт и врски.

Предлогот Асип Асипи да биде именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за образование и наука го ставам на галсање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 98 пратеници, за гласале 71 пратеник, воздржано гласале 7 пратеници, против гласале 20 пратеници.

Констатирам дека Асип Асипи е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за образование и наука.

На именуваните заменици и министри им го честитам именувањето и им посакувам успех во вршењето на функцијата.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам Деведесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши со работа во 14,10 часот).